***Сценарија за играње улоги***

Во зависност од условите што ги имате во училиштето, можете да организирате различни вежби со играње улоги. Познато е дека вежбите со играње улоги се многу добри затоа што им овозможуваат на учесниците да се соживеат со ликовите, па со тоа имаат можност до некаде да почуствуваат како е да се наоѓаш во одредена ситуација. Искусувајќи го тоа „на своја кожа", ученикот многу полесно го прифаќа и учи она што го почувствувал преку вежбата.

Во исто време, овие вежби се многу забавни за оние кои учествуваат во нив, но и за оние кои се само набљудувачи на вежбата (публиката). Затоа, играњето улоги го препорачуваме како еден од начините да им пренесете на учениците битни пораки кои се однесуваат на нивната безбедност на интернет.

За да ви помогнеме, еве неколку идеи за сценарија за вежби со играње улоги. Секако, можете и вие самите, во соработка со учениците, да создадете ваши сценарија кои ќе ја обработуваат оваа проблематика.

*Идеи за сценарија:*

**1. Дали да се запознае онлајн пријател во живо?**

За оваа вежба се потребни тројца ученика. Едниот ќе игра лик на ученик кој користи чет (Skype, MSN Messenger, Yahoo! Messenger или сл.), другиот - човек кој му станува онлајн пријател, а третиот родител на ученикот. Детето комуницира со човекот кој му станува онлајн пријател, а по некое време пријателот предлага да се сретнат во живо. Детето му кажува на својот родител и родителот и детето се договараат на средбата да одат заедно.

Можни варијации на ова сценарио се ситуации кога ученикот повикува со себе другар/ка или некој друг возрасен во кој има доверба (наместо некој од родителите) или пак сценарио во кое детето решава да оди само на средбата и влегува во невоља (му се случува некаква непријатност на средбата).

**2. Не давај лични податоци на луѓе со кои разговараш на интернет!**

Потребни се двајца ученици, еден ќе игра улога на ученик кој користи чет (Skype, MSN Messenger, Yahoo! Messenger или сл.), а другиот повозрасен човек кој се претставува како негов врсник и се обидува да му стане „онлајн пријател". И покрај настојувањата на соговорникот кои на различни начини се обидува да се зближи со детето, ученикот одбива да му оддаде било каков личен податок преку кој човекот би можел евентуално да го најде.

**3. Некој ме малтретира и заплашува.**

Потребни се 3 ученика. Еден ќе игра улога на ученик кој добива заканувачки пораки по имејл, мобилен и на други начини, но не знае кој е испраќачот (насилникот). Поради тоа е многу оптеретен и загрижен.

- Едната варијанта на вежбата е ученикот да се довери на наставникот кој ќе преземе понатамошни мерки;
- Другата е да се довери на родителот кој потоа ќе се обрати на наставникот кој ќе преземе мерки да се заштити детето;
- Третата верзија е детето да се довери на некое другарче во кое има доверба, а потоа тоа ќе го посоветува што да направи за да се заштити.

Сеедно која варијанта од понудените сценарија ќе ја одберете, учениците ќе имаат полза и ќе имаат што да научат од вежбите.

Како сценарија за играње улоги на час можат да ви послужат и примерите од рубриката „Вистински приказни" кои се наоѓаат на овој веб-сајт.